РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 03-218
18.05 2026 год.
ВЕЛЕС

Co-funded by the European Union

🔊 **ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес**
објавува **ПОВИК ЗА УЧЕНИЦИ** за учество во Erasmus+ KA122-VET проектот

**„More Green and Digital for successful business of the future“**

Проектот е финансиран од програмата Erasmus+ на Европската Унија и ќе се реализира со физичка мобилност во траење од 14 дена во Р.Хрватска и виртуелна мобилност онлајн во 4 сесии во учебната 2026/27 година (во период од септември до декември). Избраните кандидати ќе треба да учествуваат на двете мобилности.

**КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА?**
Предност на пријавување имаат учениците од профилот **Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг** кои во учебната 2025/26 година посетуваат редовна настава во втора и трета година.Заинтересиранита кандидати треба да покажуваат интерес од следните области:

- дигитален маркетинг
- социјални мрежи
- видео содржини
- зелени и одржливи бизниси и претприемништво
- тимска работа

Посебно се охрабруваат да аплицираат ученици со помалку можности. Erasmus+ програмата поддржува еднакви можности за ученици кои се соочуваат со физички, психички и интелектуални попречености ,социо-економски пречки, пречки во образовниот процес, географски пречки, културни разлики и др.

📌 **КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР**
Изборот ќе се врши според:

- мотивација
- интерес за проектната тема
- активно учество во наставата
- познавање англиски јазик
- одговорност и примерно однесување
- подготвеност за тимска работа

📝 **ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ доставени на меил: greendigitaljt@gmail.com**

- **Мотивациско писмо**
- **CV / Europass CV**

📌 **РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ: 18-21 мај, 2026 год.**

📌 **Селекцијата на кандидатите ќе ја врши трочлена комисија преку:**
- **тестирање**: 22мај (петок), 08.00 часот Каб.3
- **интервју со избраните кандидати** : 28 мај (четврток), 10.00 часот Каб.3

**Координатор на проектот:** Маја Талеска Панова